Врз основа на член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19; 14/20; 95/20 и 302/20), Градоначалникот на Општина Крушево, на ден 12.07.2022 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Крушево

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Крушево бр.01-284/1 од 07.03.2016 година; Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општина Крушево бр.01-284/2 од 09.08.2016 година; Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општина Крушево бр.01-179/1 од 01.02.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општина Крушево бр.01-179/5 од 24.04.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општина Крушево бр.01-179/8 од 02.11.2018 година; Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општина Крушево бр.01-129/1 од 21.01.2019 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општина Крушево бр.01-129/4 од 20.12.2019 година.

**Член 2**

Во глава VI. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРУШЕВО во точка 10. Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат, работното место со реден број 36, назив на работно место Помлад градежен и урбанистички инспектор се менува и гласи „Помлад градежен Инспектор“.

| **10. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ** | |
|---|---|
| **Реден број** | 36 |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В04 001 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање на работно место** | Помлад инспектор |
| **Назив на работно место** | Помлад градежен инспектор |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението. |
| **Вид на образование** | Архитектура, урбанизам и планирање или градежништво и водостопанство. |
| **Други посебни услови** | |

| | |
|---|---|
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно, квалитетно извршување на работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината и задачи од делокругот на одделението кои се однесуваат на вршење инспекциски надзор над спроведувањето на прописите од областа на просторно урбанистичко планирање и градењето. |
| **Работни задачи и обврски** | -врши работи на инспекциски надзор над примената на законот за градење и законот за просторно и урбанистичко планирање и прописите донесени врз основа на нив;<br>-врши инспекциски надзор над градби од трета, четврта и петта категорија;<br>-врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди и изрекува со закон пропишани мерки;<br>-одговара на жалби во второстепена постапка;<br>-поднесува жалби во второстепена постапка;<br>-поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br>-подготвува стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законските одредби од областа на просторното и урбанистичко планирање и градењето;<br>-подготвува стручни анализи и информации за работните тела. |

**Член 3**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места во Општина Крушево кој е составен дел од овој Правилник.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Ар.бр.01-905/1
12.07.2022 година

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**
**м-р Томе Христоски**